# ГЛАСИЛО
# GAZETË

Декември 2024
Dhjetor 2024



**ЗЕЛС**
**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**BNJVL**
**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**



Почитувани,

Генералното собрание на ЗЕЛС, во декември, ја одржа седмата седница по ред на која делегатите дискутираа за Буџетот на ЗЕЛС и за Акцискиот план на ЗЕЛС за следната година. Во следната година, ЗЕЛС ќе подготви нов стратегиски план за 2026 – 2030 година. Нагласени се заложбите за лобирање пред централната власт во однос на донесување закон за општинска комунална полиција; продлабочување на децентрализацијата во областа на услугите од социјалната заштита и обезбедување нови електронски услуги за граѓаните, каде што приоритет е електронскиот систем за наплата на данокот на имот. Делегатите го усвоија и предлогот на Управниот одбор, членките на ЗЕЛС да плаќаат надомест за користење на информациските системи со кои управува ЗЕЛС, заради нивно тековно одржување, надградување, нивна стабилност, безбедност и чување на податоците во електронски облик. На седницата беа избрани и нови членови во Комитетот на совети при ЗЕЛС, бидејќи четворица претседатели на советите од општините: Велес, Кисела Вода, Охрид и Тетово, по парламентарните избори, заминаа на нови функции во централната и законодавната власт. Беше предложено новите членови да бидат лицата што се сега на истите позиции во овие општини.Во организација на ЗЕЛС, МОН и УНИЦЕФ, на 2 декември 2024 година, во Општина Штип и на 11 декември 2024 година во Општина Гостивар, беше промовирано започнувањето на процесот на поддршка на нови 23 општини за изработка на планови за оптимизација на училишната мрежа, во основното образование. На средбите присуствуваше и министерката за образование и наука, Весна Јаневска. Веќе во 10 општини се изработени вакви планови кои треба да помогнат во рационализација на материјалните, инфраструктурните и човечките ресурси во основното образование. ЗЕЛС одржа тридневен настан во Гевгелија, во кој беа вклучени 11 пилот општини за подготовка на локален интегриран план за управување со вода за пиење и одведување на отпадни води, на кој му претходеше состанокот на Работната група за води и беше одржана втората седница на Комисијата за животна средина и комунални дејности на ЗЕЛС.

ЗЕЛС во просториите на административната зграда организираше форум –„Здружени во ставање крај на родово базираното насилство", со кој се приклучи на годинашната кампања – 16 дена активизам: #НемаОправдување: Преземете акција за ставање крај на насилството врз жените и девојчињата. На форумот се обрати претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски; министерот за социјална политика, демографија и млади, Ѓоко Велковски; пратеничката Лидија Петкоска, која е воедно и член на Комисијата за еднакви можности во Собранието на РСМ и Изабела Павловска, претседателка на Советот на Општина Крива Паланка, која воедно е и член на Лоби-групата за родова еднаквост при ЗЕЛС. Во овој месец, во просториите на ЗЕЛС, исто така, беше одржана и средба на Државниот совет за превенција на детско престапништво (ДСПДП) со претставници од локалните совети за превенција на детско престапништво од општините од Скопскиот Плански Регион. За сите овие, но и за другите настани што ги организираше ЗЕЛС ќе прочитате повеќе во овој број на Гласило на ЗЕЛС.

Со почит,

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së, në dhjetor, mbajti seancën e shtatë me radhë, në të cilën delegatët diskutuan për Buxhetin e BNJVL-së dhe për Planin aksionar të BNJVL-së për vitin e ardhshëm. Në vitin e ardhshëm, BNJVL-ja do të përgatisë Plan të ri strategjik për periudhën 2026-2030. Janë theksuar zotimet për lobim para pushtetit qendror në fushën e miratimit të Ligjit për policinë komunale, thellimit të decentralizimit në fushën e shërbimeve të mbrojtjes sociale dhe ofrimit të shërbimeve të reja elektronike për qytetarët, ku prioritet është sistemi elektronik për arkëtimi e mjeteve të tatimit në pronë. Delegatët e miratuan edhe propozimin e Bordit drejtues që anëtaret e BNJVL-së të paguajnë kompensim për shfrytëzimin e sistemeve të informacioneve me të cilat administron BNJVL-ja, për shkak të mirëmbajtjes së tyre së vazhdueshme, avancimit, stabilitetit, sigurisë dhe ruajtjes së të dhënave në formë elektronike. Në seancë u zgjodhën edhe anëtarët e rinj të Komitetit të këshillave pranë BNJVL-së, sepse katër kryetarë të këshillave nga komunat: Veles, Kisella Vodë, Ohër dhe Tetovë, pas zgjedhjeve parlamentare u larguan në pozita të reja në pushtetin qendror dhe legjislativ. U propozua që anëtarë të rinj të jenë personat që aktualisht janë në të njëjtat pozita në këto komuna. Në organizim të BNJVL-së, MASH-it dhe UNICEF-it, më 02 dhjetor 2024, në Komunën e Shtipit dhe më 11 dhjetor 2024, në Komunën e Gostivarit, u promovua fillimi i procesit të mbështetjes së 23 komunave të reja për hartimin e planeve për optimizimin e rrjetit të shkollave në arsimin fillor. Në takime mori pjesë edhe Ministrja e Arsimit dhe Shkencës, Vesna Janevska. Plane të këtilla tashmë janë hartuar në 10 komuna, të cilat duhet të ndihmojnë në racionalizimin e resurseve materiale, infrastrukturore dhe njerëzore në arsimin fillor. BNJVL-ja mbajti ngjarje treditore në Gjevgjeli, në të cilën u përfshinë 11 komuna pilot për përgatitjen e planit të integruar lokal për menaxhimin e ujit të pijshëm dhe largimit të ujërave të zeza, së cilës i parapriu takimi i Grupit punues për ujëra dhe u mbajt seanca e dytë e Komisionit për mjedis jetësor dhe veprimtari komunale të BNJVL-së. BNJVL-ja në hapësirat e ndërtesës administrative organizoi forumin "Të bashkuar për t'i dhënë fund dhunës së bazuar gjinore", me të cilin iu bashkëngjit fushatës vjetore - 16 ditë aktivizëm: #NukkaArsyetim: Ndërmerrni veprim për t'i dhënë fund dhunës ndaj grave dhe vajzave. Në forum folën kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, Ministri i Politikës Sociale, Demografisë dhe Rinisë, Gjoko Vellkovski, deputetja Lidija Petkoska, e cila është edhe anëtare e Komisionit për mundësi të barabarta në Kuvendin e RMV-së dhe Izabella Pavllovska, kryetare e Këshillit të Komunës së Kriva Pallankës, e cila është edhe anëtare e Grupit lobues për barazi gjinore pranë BNJVL-së. Në këtë muaj, në hapësirat e BNJVL-së, u mbajt edhe takimi i Këshillit Shtetëror për Parandalimin e Delikuencës së të Miturve (KSHPDM) me përfaqësues të këshillave lokalë të parandalimit të delikuencës së të miturve të komunave të Rajonit planifikues të Shkupit. Për të gjitha këto, por edhe për ngjarjet e tjera të cilat i organizoi BNJVL-ja do të lexoni më shumë në këtë numër të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,

Dushica Perishiq ,
Drejtoreshë ekzekutive e BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

тел. +389 (0) 2 30 99 033
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија

**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ

**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема Мехмети

**Подготвила:** Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Славе Чорбев
**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и подготовка:** Никола Тодоровски, Карина Доневска

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

tel. +389 (0) 2 30 99 033
rr. Kopenhagenska nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut

**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq

**Zëvendës drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema Mehmeti

**Përgatiti:** Vesna Arsovska-Dinkovska
**Përkthim:** Sllave Çorbev
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje:** Nikola Todorovski, Karina Donevska



## ОПШТИНИТЕ ГОСТИВАР И ШТИП – ДОМАЌИНИ НА ПРОМОВИРАЊЕТО НА ПОДДРШКАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПЛАНОВИ ЗА РАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА УЧИЛИШНАТА МРЕЖА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Во организација на ЗЕЛС, МОН и УНИЦЕФ, на 2 декември 2024 година, во Општина Штип и на 11 декември 2024 година, во Општина Гостивар, беше промовирано започнувањето на процесот на поддршка на новите општини за изработка на планови за оптимизација на училишната мрежа во основното образование. На средбата во Штип беа поканети градоначалниците на општините: Босилово, Делчево, Кавадарци, Струмица, Свети Николе, Старо Нагоричане, Чашка и Штип, а на средбата во Гостивар, градоначалниците од општините: Врапчиште, Дебар, Долнени, Јегуновце, Охрид, Пласница, Ресен, Теарце и Гостивар. На двата настана учествуваа и дел од секретарите на овие општини, потоа советниците за образование и претставници од секторите за финансии. Пред присутните се обратија градоначалниците домаќини; потпретседателот на ЗЕЛС, Висар Ганиу; извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, како и министерката за образование и наука, Весна Јаневска и претставничката на УНИЦЕФ во нашата земја, Лесли Милер. Присуствуваа и претставници од Бирото за развој на образованието, кои ќе соработуваат непосредно со општините во изработката на плановите и спроведувањето на целиот процес.

## KOMUNAT E GOSTIVARIT DHE SHTIPIT – NIKOQIRE E PROMOVIMIT TË MBËSHTETJES PËR HARTIMIN E PLANEVE PËR RACIONALIZIMIN E RRJETIT TË SHKOLLAVE NË ARSIMIN FILLOR

Në organizim të BNJVL-së, MASH-it dhe UNICEF-it, më 2 dhjetor 2024, në Komunën e Shtipit dhe më 11 dhjetor 2024, në Komunën e Gostivarit, u promovua fillimi i procesit të mbështetjes së komunave të reja për hartimin e planeve për optimizimin e rrjetit të shkollave në arsimin fillor. Në takimin në Shtip u ftuan kryetarët e komunave: Bosillovë, Dellçevë, Kavadar, Strumicë, Sveti Nikollë, Nagoriçani i Vjetër, Çashkë dhe Shtip, ndërsa në në takimin në Gostivar, kryetarët e komunave: Vrapçisht, Dibër, Dollneni, Jegunoc, Ohër, Plasnicë, Resnjë, Tearcë dhe Gostivar. Në të dyja ngjarjet morën pjesë edhe një pjesë e sekretarëve të këtyre komunave, pastaj këshilltarët për arsim dhe përfaqësues të sektorëve të financave. Para të pranishmëve u drejtuan kryetarët e komunave nikoqire, nënkryetari i BNJVL-së, Visar Ganiu, drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dusica Perishiq, si dhe Ministrja e Arsimit dhe Shkencës, Vesna Janevska dhe përfaqësuesja e UNICEF-it në vendin tonë, Lesli Miler. Të pranishëm ishin edhe përfaqësues të Byrosë për Zhvillimin e Arsimit, të cilët do të bashkëpunojnë drejtpërdrejt me komunat në hartimin e planeve dhe zbatimin e të gjithë procesit.

## „Ќе продолжиме поинтензивно со реорганизацијата" – рече градоначалникот на Општина Штип, Иван Јорданов

„Во изминатиот период ги направивме првите чекори во реорганизација на училишната мрежа. Две подрачни училишта ги пренаменивме според потребите на населението и обезбедивме дневен престој и згрижување на децата од предучилишна возраст, а преку Јавно претпријатие обезбедивме и поекономичен превоз за учениците од основното образование. Спремни сме и понатаму да продолжиме со активности за реорганизација и изработка на план за оптимизација. Средствата од блок дотациите за спроведување на образовниот процес, исто како и за спроведување на надлежностите во противпожарната заштита и за градинките, ни приближно не ги покриваат реалните трошоци. Поради демографските причини, во областа на образованието се отвора простор за спроведување на оптимални зафати, како на училишниот простор така и на образовниот кадар, а преку вклучување на сите засегнати страни, во следниот период очекувам да дојдеме до оптималните решенија за сите". Ова го истакна градоначалникот на Општина Штип, Иван Јорданов, на средбата во општинската зграда.



Пред присутните се обрати и извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, која нагласи дека децентрализацијата на власта во земјава се спроведува речиси 20 години и во континуитет општините се соочуваат со недостаток на средства за спроведување на надлежностите во образованието. „Една од причините е што на самиот почеток во 2005 година на општините им беа префрлени средства што се помалку за 40 % од историските трошоци за образование и оттогаш, со исклучок на одредени периоди, состојбата е константно лоша. Со поддршка на УНИЦЕФ, пред две години беше изработена нова предлог-методологија за распределба на средствата за основно образование, каде што се утврди стандард по ученик, но таа сè уште не се применува. Според анализата што неодамна ја направи ЗЕЛС, од добиените податоци за долгови на општините во оваа област, недостатокот на средства е 15 – 20 %, но веројатно и поголем, бидејќи сите општини не доставија податоци навремено. Затоа ЗЕЛС го поддржува спроведувањето на

## "Do të vazhdojmë me riorganizimin në mënyrë më intensive" – tha kryetari i Komunës së Shtipit, Ivan Jordanov

"Në periudhën e kaluar kemi bërë hapat e parë në riorganizimin e rrjetit të shkollave. Kemi ridestinuar dy shkolla rajonale sipas nevojave të popullsisë dhe kemi siguruar qëndrim gjithditor dhe strehim për fëmijët e moshës parashkollore, ndërsa përmes një ndërmarrjeje publike kemi siguruar transport më ekonomik për nxënësit e shkollave fillore. Jemi të gatshëm të vazhdojmë edhe më tej me aktivitetet për riorganizimin dhe hartimin e një plani optimizimi. Mjetet nga bllok dotacionet për zbatimin e procesit arsimor, njësoj si edhe për zbatimin e kompetencave në mbrojtjen nga zjarri dhe për kopshtet e fëmijëve, as për së afërmi nuk i mbulojnë shpenzimet reale. Për arsye demografike, në fushën e arsimit po hapet hapësirë për zbatimin e intervenimeve optimale si në hapësirën e shkollave ashtu edhe në kuadrin arsimor, ndërsa përmes përfshirjes së të gjithë palëve të përfshira në periudhën e ardhshme pres që të arrijmë zgjidhjet më optimale për të gjithë". Këtë e theksoi Ivan Jordanov, kryetar i Komunës së Shtipit, në takimin në ndërtesën komunale.



Para të pranishmëve u drejtua edhe drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq, e cila theksoi se decentralizimi i pushtetit në vend po zbatohet për gati 20 vjet dhe komunat vazhdimisht ballafaqohen me mungesë mjetesh për zbatimin e kompetencave në arsim. "Një nga arsyet është se në vetë fillimin, në vitin 2005, u janë transferuar mjete që janë 40% më pak se kostot historike për arsimin dhe që atëherë, me përjashtim të periudhave të caktuara, gjendja ka qenë vazhdimisht e keqe. Dy vite më parë, me mbështetjen e UNICEF-it, u hartua një draft-metodologji e re për shpërndarjen e mjeteve për arsimin fillor, ku u përcaktua standardi për nxënës, por ajo ende nuk zbatohet. Sipas analizës të cilën e bëri BNJVL-ja para pak kohësh nga të dhënat e marra për borxhet e komunave në këtë sferë, mungesa e mjeteve është rreth 15-20%, por ndoshta edhe më e madhe, sepse të gjitha komunat nuk i dërguan të dhënat me kohë. Prandaj BNJVL-ja jep mbështetje për zbatimin e procesit të



процесот на оптимизација на училишната мрежа, но исто така, заложбата на ЗЕЛС е обезбедување на поголема доверба од Владата за општините, при што ќе се овозможи тие да управуваат со целокупните средства од блок дотациите, меѓу кои и оние за основно образование", рече Перишиќ.

### Валбон Лимани, градоначалникот на Општина Гостивар и Висар Ганиу, потпретседателот на ЗЕЛС, говореа за бенефициите од процесот на оптимизација

Настанот во Општина Гостивар го отвори градоначалникот на општината, Валбон Лимани, кој нагласи дека е голема чест што неговата општина е домаќин на една ваква средба, а особено го изрази задоволството што според изборот на МОН, во новите 23 општини што ќе добијат поддршка за изработка на план за оптимизација на училишната мрежа е вклучена и Општина Гостивар. „Тоа е многу сериозен и макотрпен процес за спроведување, но на крајот, добивката ќе биде голема за сите, особено за децата, потоа и за родителите, за наставниците и за општината", рече градоначалникот Лимани.

„Оптимизацијата на училишната мрежа во основното образование не е само административен процес, туку значаен чекор кон создавање подобри услови во образованието. Во таа насока и Управниот одбор на ЗЕЛС, на последната седница, му даде поддршка на овој процес на изработка на планови за оптимизација, што ќе придонесе не само за подобрување на инфраструктурата или на финансиското планирање, туку има цел да им помогне на општините да преминат во подобар систем на управување и да го зголемат пристапот до квалитетно образование за сите подеднакво." Ова на средбата во Гостивар го нагласи потпретседателот на ЗЕЛС, Висар Ганиу. Тој апелираше до сите градоначалници сериозно да ја искористат оваа можност и да создадат успешен модел што ќе го користат и во иднина. Од голема важност, според Ганиу, е и воспоставување на успешна соработка меѓу МОН, Бирото за развој на образованието, училиштата, родителите, децата и општината. „Само со заедничка соработка може да се гради основа за одржлива иднина за младите генерации", истакна на крајот од своето обраќање потпретседателот на ЗЕЛС, Висар Ганиу.




optimizimit të rrjetit të shkollave, por gjithashtu zotimi i BNJVL-së është sigurimi i një besimi më të madh të Qeverisë për komunat, duke mundësuar që ato të menaxhojnë me të gjitha mjetet nga bllok-dotacionet, duke përfshirë edhe ato për arsimin fillor", tha Perishiq.

### Valbon Limani, kryetari i Komunës së Gostivarit dhe Visar Ganiu, nënkryetari i BNJVL-së, folën për benefitet nga procesi i optimizimit

Ngjarjen në Komunën e Gostivarit e hapi kryetari i Komunës, Valbon Limani, i cili theksoi se është nder i madh që komuna e tij është nikoqire e një takimi të këtillë dhe veçanërisht shprehu kënaqësinë e tij që sipas zgjedhjes së MASH-it, në 23 komunat e reja që do të fitojnë mbështetje për hartim të një plani për optimizimin e rrjetit të shkollave është e përfshirë edhe Komuna e Gostivarit. "Ai është një proces shumë serioz dhe i mundimshëm për t'u zbatuar, por në fund, përfitimi do të jetë i madh për të gjithë, veçanërisht për fëmijët, pastaj edhe për prindërit, për mësuesit dhe për komunën", tha kryetari Limani.

"Optimizimi i rrjetit të shkollave në arsimin fillor nuk është vetëm një proces administrativ, por një hap i rëndësishëm për krijimin e kushteve më të mira në arsim. Në këtë drejtim, Bordi Drejtues i BNJVL-së, në seancën e fundit dha përkrahje për këtë proces të hartimit të planeve për optimizim, të cilat do të kontribuojnë jo vetëm për përmirësimin e infrastrukturës apo planifikimit financiar, por edhe kanë për qëllim t'i ndihmojnë komunat që të kalojnë në një sistem më të mirë të qeverisjes dhe të rrisin qasjen në arsim cilësor për të gjithë në mënyrë të barabartë".

Këtë në takimin në Gostivar e theksoi nënkryetari i BNJVL-së, Visar Ganiu. Ai u bëri thirrje të gjithë kryetarëve të komunave që ta shfrytëzojnë seriozisht këtë mundësi dhe të krijojnë një model të suksesshëm që do ta zbatojnë në të ardhmen. Sipas Ganiut, vendosja e bashkëpunimit të suksesshëm ndërmjet MASH-it, Byrosë për Zhvillimin e Arsimit, shkollave, prindërve, fëmijëve dhe komunës është me rëndësi të madhe. "Vetëm me bashkëpunim të përbashkët mund të ndërtohet bazë për një të ardhme të qëndrueshme për gjeneratat e reja", theksoi në fund të fjalimit të tij nënkryetari i BNJVL-së, Visar Ganiu.



## Апел на министерката Јаневска до градоначалниците за итно започнување со рационализација на материјалните, инфраструктурните и човечките ресурси во основното образование

Министерката за образование и наука и на двете средби изнесе податоци од анализата на УНИЦЕФ, каде е посочено дека 88 % од учениците во земјата одат во 353 централни училишта, а во 518 подрачни училишта учат останатите 12 % од учениците. Во подрачните училишта, 43 % од паралелките се комбинирани. За плати на наставниците во основно образование одат 90 % од средствата од блок дотациите, а податоците покажуваа дека во изминатите две децении соодносот ученик – наставник се намалил од 18 на 9 ученици по наставник. Констатиран е вишок на 5 000 наставници. Две третини од општините имаат просечна големина на паралелки меѓу 6 и 15 деца, а само 19 % од општините го исполнуваат законскиот услов да имаат паралелки од најмалку 20 ученици. За да се приспособат на големиот број паралелки, централните училишта прибегнуваат кон настава во смени, што не е добро за учениците. Оттука, само 37 % од училиштата работат во една смена, 62 % во две смени, а 1 % во три смени. Ако се направи оптимизација на училишните простории и се обезбеди едносменска настава, потребни се дополнителни 284 училници и 71 санитарен јазол и средства во износ од 470 милиони денари. Доколку не се реализира оптимизацијата, за едносменско работење на училиштата се потребни 667 нови училници и 167 нови санитарни јазли, односно 1.114.840.642 денари. Во таа насока, министерката Јаневска апелираше до сите градоначалници да бидат лидери во овие процеси кои задолжително треба да започнат веднаш, за да се надмине нерационалното и непотребно одлевање на средства и за одржување на објектите и за превозот на учениците. Во

## Apel i Ministres Janevska për kryetarët e komunave për fillim urgjent me racionalizimin e resurseve materiale, infrastrukturore dhe njerëzore në arsimin fillor

Ministrja e Arsimit dhe Shkencës, Vesna Janevska prezantoi në dy takimet të dhëna nga analiza e UNICEF-it, ku theksohet se 88% e nxënësve në vend shkojnë në 353 shkolla qendrore, ndërsa të tjerat 12% e nxënësve mësojnë në 518 shkolla rajonale. Në shkollat rajonale, 43% e klasave janë të kombinuara. 90% e mjeteve nga bllok dotacionet shpenzohen për pagën e mësuesve në arsimin fillor, ndërsa të dhënat tregojnë se në dy dekadat e kaluara raporti nxënës-mësues ka rënë nga 18 në 9 nxënës për mësues. Është konstatuar një tepricë prej 5000 mësuesish. Dy të tretat e komunave kanë klasa që mesatarisht përbëhen nga 6 deri në 15 fëmijë, ndërsa vetëm 19% e komunave plotësojnë kushtin ligjor për të pasur klasa me të paktën 20 nxënës. Për të përshtatur numrin e madh të klasave, shkollat qendrore përdorin variantin e mësimit me ndërrime, gjë që nuk është e mirë për nxënësit. Kështu, vetëm 37% e shkollave punojnë me një ndërrim, 62% me dy ndërrime, ndërsa 1% me tre ndërrime. Nëse bëhet optimizim i hapësirave shkollore dhe sigurohet mësimi me një ndërrim, nevojiten 284 mësonjëtore shtesë dhe 71 nyje sanitare dhe mjete në vlerë prej 470 milionë denarësh. Nëse nuk realizohet optimizimi, për punën e shkollave me një ndërrim nevojiten 667 mësonjëtore të reja dhe 167 nyje të reja sanitare, përkatësisht 1.114.840.642 denarë.

Në këtë drejtim, ministrja Janevska apeloi që të gjithë kryetarët e komunave të jenë liderë në këto procese, të cilat duhet të fillojnë menjëherë për të tejkaluar shpenzimin joracional dhe të panevojshëm të mjeteve dhe për të mirëmbajtur objektet dhe për të transportuar nxënësit. Për sa i përket tepricës së konstatuar të kuadrove mësimore, ajo theksoi se do të veprohet në mënyrë adekuate, gjegjësisht se bëhet fjalë për kuadro të nevojshme dhe të kualifikuara për të

однос на констатираниот вишок на наставен кадар, таа посочи дека ќе се пристапи соодветно, односно нагласи дека станува збор за потребен, квалификуван кадар, од кој државата има и тоа каква потреба и дека ќе се најдат оптималните начини за нивно преангажирање. Особено што е утврдено дека нашите деца имаат 900 часа помалку настава од своите врсници во европските земји и дека ќе се овозможат услови за спроведување на поголем број воннаставни активности и задржување на децата во целодневна настава. Таа, исто така, упати и друг апел до градоначалниците да го искористат вториот повик од Владата за доделување на грантови за инфраструктурни објекти, за потребата за изградба на нови простории за едносменско работење на училиштата, онаму каде што потребно. На крајот од своето излагање, Јаневска најави дека за следната година се планира да стапи на сила примената на новата предлог-формула, каде средствата ќе се распределуваат според трошок по ученик. Тоа значи дека преземањето активности за рационализација на материјалните, инфраструктурни и човечки ресурси со кои располагаат училиштата, општините треба да ги направат веднаш, особено онаму каде што има помасовно иселување.

### Со подобрување на ефикасноста и ефективноста на училишната мрежа ќе се придонесе и кон унапредување на квалитетот на образованието

Пред присутните говореше и претставничката на УНИЦЕФ во нашата земја, Лесли Милер. Таа посочи дека досега поддршка за изработка на планови за оптимизација на училишната мрежа во основно образование добиле 10 општини и дел од нив веќе започнале со имплементација на планот. Се заблагодари на Управниот одбор на ЗЕЛС за поддршката на овој процес. Таа нагласи дека плановите за оптимизација на училишната мрежа во основно образование треба да ѝ помогнат на општината во реорганизирање на ресурсите со цел подобрување на ефикасноста и ефективноста на училишната мрежа. Спроведувањето на плановите треба да го поддржи и процесот на премин кон едносменско работење во основните училишта и проширување на целодневниот престој. Сето ова е заемно поврзано со имплементирање на новата предлог-формула за распределба на средствата од блок дотациите за основно образование, што се планира да се воведе во следниот период. Во планирањето на сите активности што треба да се реализираат во општините, се земаат предвид мислењата од сите засегнати страни. Токму затоа, Бирото за развој на образованието, во претстојниот период ќе спроведе и консултации со општинската администрација, директорите на училиштата, наставниците, родителите и со учениците. Сознанијата што ќе се добијат ќе користат во соодветно обликување на плановите што секоја општина ќе ги подготви за да го унапреди квалитетот на образованието.

cilat shteti ka nevojë dhe se do të gjenden mënyrat më optimale për ri-angazhimin e tyre. Aq më tepër që është konstatuar se fëmijët tanë kanë 900 orë më pak mësim se bashkëmoshatarët e tyre në vendet evropiane dhe se do të krijohen kushte për zbatimin e një numri më të madh aktivitetesh jashtëshkollore dhe mbajtjen e fëmijëve në mësim gjithditor. Ajo gjithashtu u bëri thirrje të tjerë kryetarëve të komunave që ta shfrytëzojnë thirrjen e dytë të Qeverisë për dhënien e granteve për objektet infrastrukturore për nevojën e ndërtimit të hapësirave të reja për punën e shkollave me një ndërrim, aty ku ka nevojë. Në fund të fjalimit të saj, Janevska paralajmëroi se vitin e ardhshëm planifikon të hyjë në fuqi zbatimi i draft-formulës së re, ku mjetet do të shpërndahen sipas kostos për student. Kjo do të thotë se komunat menjëherë duhet të ndërmarrin aktivitete për racionalizimin e resurseve materiale, infrastrukturore dhe njerëzore që i kanë shkollat në dispozicion, sidomos aty ku ka migrim masiv.

### Me përmirësimin e efikasitetit dhe efektivitetit të rrjetit shkollor do të kontribuohet edhe për avancimin e cilësisë së arsimit

Para të pranishmëve foli edhe përfaqësuesja e UNICEF-it në vendin tonë, Lesli Miler. Ajo theksoi se deri më tani 10 komuna kanë marrë mbështetje për hartimin e planeve për optimizimin e rrjetit të shkollave në arsimin fillor dhe disa prej tyre tashmë kanë filluar zbatimin e planit. Ajo falënderoi Bordin drejtues të BNJVL-së për mbështetjen e këtij procesi. Ajo theksoi se planet për optimizimin e rrjetit të shkollave në arsimin fillor duhet të ndihmojnë komunën në riorganizimin e resurseve me qëllim që të përmirësohet efikasiteti dhe efektiviteti i rrjetit të shkollave. Zbatimi i planeve duhet të mbështesë edhe procesin e kalimit në punë me një ndërrim në shkollat fillore dhe zgjerimin e qëndrimit gjithditor. E gjithë kjo ndërlidhet reciprokisht me zbatimin e draft-formulës së re për shpërndarjen e mjeteve nga bllok dotacionet për arsimin fillor, që planifikohet të aplikohet në periudhën e ardhshme. Në planifikimin e të gjitha aktiviteteve që duhet të realizohen në komuna, merren parasysh mendimet e të gjitha palëve të përfshira. Prandaj, Byroja për Zhvillimin e Arsimit në periudhën e ardhshme do të bëjë konsultime me administratën komunale, drejtorët e shkollave, mësimdhënësit, prindërit dhe nxënësit. Informatat që do të merren do të përdoren në formësimin adekuat të planeve që do të përgatisë secila komunë për të avancuar cilësinë e arsimit.






## ЗЕЛС СЕ ПРИКЛУЧИ НА КАМПАЊАТА – 16 ДЕНА АКТИВИЗАМ: #НЕМАОПРАВДУВАЊЕ: ПРЕЗЕМЕТЕ АКЦИЈА ЗА СТАВАЊЕ КРАЈ НА НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И ДЕВОЈЧИЊАТА

„Ова е навистина сериозен повод за седнување на иста маса на локалната, централната и законодавната власт во земјава, за подигање на гласот во изнаоѓање на заеднички решенија за превенирање и за сузбивање на еден сериозен предизвик како што е родово базираното насилство (РБН) и семејно насилство (СН). Општините се првата врата на која се обраќаат граѓаните во решавањето на голем број предизвици, меѓу кои се и оние од социјалната сфера. Во таа насока, ЗЕЛС подолг период се залага за децентрализирање на оваа надлежност, но притоа бара и префрлање на соодветни финансиски средства, за да може општините да испорачаат квалитетни услуги. ЗЕЛС веќе работи на анализа на состојбата со децентрализација на социјалната заштита, односно на утврдување на недостатоците, проблемите и предизвиците во процесот на спроведување на децентрализација на центрите за социјална работа и социјални услуги во земјата. Со јасни препораки и насоки за тоа што е најдобро да се преземе ќе излеземе за брзо време."

Ова го истакна претседателот на ЗЕЛС Орце Ѓорѓиевски на форумот „Здружени во ставање крај на родово базираното насилство" што го организираше ЗЕЛС на 5 декември 2024 година во административната зграда на Заедницата. Форумот беше организиран со поддршка на Телото на ОН за родова еднаквост и зајакнување на жените - UN Women, во рамките на проектот „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија – Фаза 2" финансиран од

## BNJVL-JA IU BASHKËNGJIT FUSHATËS – 16 DITË AKTIVIZËM: #NUKKAARSYETIM: NDËRMERRNI VEPRIM PËR T'I DHËNË FUND DHUNËS NDAJ GRAVE DHE VAJZAVE

"Ky është një shkak me të vërtetë serioz që autoritetet lokale, qendrore dhe legjislative në vend të ulen në të njëjtën tryezë për të ngrenë zërin në gjetjen e zgjidhjeve të përbashkëta për parandalimin dhe çrrënjosjen e një sfide serioze, siç është dhuna e bazuar gjinore (DhBGj) dhe dhuna në familje (DhF). Komunat janë institucioni i parë të cilit i drejtohen qytetarët në zgjidhjen e një numri të madh sfidash, duke përfshirë ato nga sfera sociale. Në këtë drejtim, BNJVL për një kohë të gjatë zotohet për decentralizimin e kësaj kompetence, por në të njëjtën kohë kërkon edhe transferim të mjeteve adekuate financiare, me qëllim që komunat të mund të zbatojnë shërbime cilësore. BNJVL tashmë po punon në analizën e gjendjes me decentralizimin e mbrojtjes sociale, gjegjësisht për përcaktimin e mangësive, problemeve dhe sfidave në procesin e zbatimit të decentralizimit të qendrave për punë sociale dhe shërbime sociale në vend. Për një kohë të shpejtë do të dalim me rekomandime dhe udhëzime të qarta se çfarë është më së miri të ndërmerret".

Këtë e theksoi kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski në forumin "Të bashkuar për t'i dhënë fund dhunës së bazuar gjinore", të cilin e organizoi BNJVL-ja më 5 dhjetor 2024 në ndërtesën administrative të Bashkësisë. Forumi u organizua me mbështetjen e Trupit të OKB-së për Barazi Gjinore dhe Fuqizimin e Grave - UN Women, në kuadër të projektit "Promovimi i politikave dhe buxheteve të përgjegjshme gjinore: drejt qeverisjes transparente, gjithëpërfshirëse dhe llogaridhënëse në Republikën e Maqedonisë së Veriut - Faza 2", të financuar nga Zvicra dhe programi "Promovimi i qeverisjes

Швајцарија и програмата „Промовирање на родово одговорно управување во Република Северна Македонија“ финансирана од Шведска. Со овој настан, ЗЕЛС се приклучи на глобалната кампања – 16 дена активизам: #НемаОправдување: Преземете акција за ставање крај на насилството врз жените и девојчињата.

На форумот се обратија и заменик-министерот за социјална политика, демографија и млади, Ѓоко Велковски; пратеничката Лидија Петкоска, која е воедно и член на Комисијата за еднакви можности во Собранието на РСМ и Изабела Павловска, претседателка на Советот на Општина Крива Паланка, која воедно е и член на Лоби-групата за родова еднаквост при ЗЕЛС. Во дискусијата учествуваа членовите на Лоби- групата за родова еднаквост на ЗЕЛС, како и координаторите и претставниците од комисиите за еднакви можности и лицата одговорни за социјална заштита од општините.

## Презентирани добрите искуства од општините, од советодавните и од згрижувачките центри

Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, експлицитно повикува на вклучување и на локалните власти во креирањето сеопфатни и координирани политики и обезбедување соодветни финансиски ресурси за нивна имплементација, но и во креирање на разни активности за превенција на насилството. Во таа насока, на форумот беа презентирани добри искуства од општините: Карпош, Куманово и Струмица. Исто така, пред присутните беа споделени и предизвиците со кои се соочуваат давателите на вакви услуги и нивната соработка со локалната власт. Искуства споделија и претставниците од Советодавниот центар за жртви од семејно насилство, Битола; од Организација на жените на Град Скопје – ОЖС, со сопствен згрижувачки центар за жени и деца жртви на семејно насилство и С.О.С. – линија за семејно насилство 15-700 24/7 и од Организација за правата на жените „Етика“- Гостивар - сопствен згрижувачки центар за жени.

Шеснаесет (16) дена активизам е меѓународна кампања, која се одржува секоја година почнувајќи на 25 ноември, Меѓународниот ден за елиминација на насилството врз жените, а завршува на 10 декември, Денот

së përgjegjshme gjinore në Republikën e Maqedonisë së Veriut”, të financuar nga Suedia. Me këtë ngjarje, BNJVL-ja iu bashkëngjit fushatës vjetore - 16 ditë aktivizëm: #NukkaArsyetim: Ndërmerrni veprim për t'i dhënë fund dhunës ndaj grave dhe vajzave.

Në forum folën edhe Zëvendësministri i Politikës Sociale, Demografisë dhe Rinisë, Gjoko Vellkovski, deputetja Lidija Petkoska, e cila është edhe anëtare e Komisionit për mundësi të barabarta në Kuvendin e RMV-së dhe Izabella Pavllovska, kryetarja e Këshillit të Komunës së Kriva Pallankës, e cila është edhe anëtare e Grupit lobues për barazi gjinore në BNJVL. Në diskutim morën pjesë anëtarët e Grupit lobues për barazi gjinore të BNJVL-së, si dhe koordinatorët dhe përfaqësuesit e komisioneve për mundësi të barabarta dhe personat përgjegjës për mbrojtje sociale nga komunat.

## U prezantuan përvojat e mira të komunave dhe qendrave këshillëdhënëse dhe strehimore

Konventa e Këshillit të Evropës për parandalimin dhe luftimin e dhunës ndaj grave dhe dhunës në familje kërkon në mënyrë eksplicite përfshirjen e autoriteteve lokale në krijimin e politikave gjithëpërfshirëse dhe të koordinuara dhe sigurimin e resurseve adekuate financiare për zbatimin e tyre, por edhe në krijimin e aktivitete të ndryshme për parandalimin e dhunës. Në këtë drejtim, në forum u prezantuan përvoja të mira nga komunat: Karposh, Kumanovë dhe Strumicë. Gjithashtu, para të pranishmëve u ndanë sfidat me të cilat ballafaqohen ofruesit e këtyre shërbimeve dhe bashkëpunimi i tyre me pushtetin lokal. Përvojat e tyre i ndanë edhe përfaqësuesit e Qendrës këshillëdhënës për viktimat e dhunës në familje, Manastir, nga Organizata e Grave të Qytetit të Shkupit - OGSH, me qendrën e saj strehimore për gra dhe fëmijë viktima të dhunës në familje dhe S.O.S. linja 15-700 për dhunë në familje 24/7 dhe nga Organizata për të Drejtat e Grave “Etika” - Gostivar – qendra e saj strehimore për gra.

Gjashtëmbëdhjetë (16) ditë aktivizëm është fushatë ndërkombëtare, e cila mbahet çdo vit duke filluar nga 25 Nëntori, Dita ndërkombëtare për eliminimin e dhunës ndaj grave, ndërsa përfundon më 10 Dhjetor, Ditën e të drejtave të njeriut. Kjo fushatë është shembulli më i mirë se si njerëzit dhe





на човековите права. Оваа кампања е најдобар пример како луѓето и организациите може и треба да ги здружат силите за да се справат со општествените прашања, кои не припаѓаат на ова, ниту во идно време.

### Иницирано е утврдување на рамка за донесување стратегија за превенирање на насилството и поддршка на жените жртви на семејно насилство

„Превенирањето на овие состојби треба да биде клучен дел од сите напори за надминување на кое било насилство, а особено за насилството врз жените и девојчињата и семејното насилство. Во таа насока работиме на утврдување на рамка за донесување на стратегија за превенирање на насилството и поддршка на жените-жртви на семејното насилство. Во тој процес од голема важност е вклучување на сите засегнати страни, секој од свој аспект да даде придонес за изработка на документи и законски решенија што ќе бидат имплементирани и почитувани". Ова го истакна заменик-министерот за социјална политика, демографија и млади, Ѓоко Велковски, изразувајќи благодарност што ЗЕЛС се вклучи во годинашната меѓународна кампања – 16 дена активизам, и која постојано нуди решенија за надминување на бројни предизвици, од кои голем дел се однесуваат на предизвиците во социјалната сфера.

### Потребно е децентрализирање на социјалната заштита со соодветно финансирање

Според претседателката на Советот на Општина Крива Паланка, Изабела Павловска, која воедно е и член на Лоби-групата за родова еднаквост при ЗЕЛС, општините имаа големи можности за непосредна поддршка на своите жители во сите области, а особено кога станува збор за „болни" состојби на насилство. „Кампањите за подигање на свеста и директното дејствување за разоткривање и превенирање на ваквите состојби имаме можност да ги направиме уште во периодот на училишната доба. Сè уште затајува пријавувањето на насилство во руралните средини, каде што е изразена стравопочитта кон машкиот пол. Бројни општини, меѓу кои и мојата, даваме значајна поддршка и во превенирање и во помош на вакви случаи, а притоа особено соработуваме со невладиниот сектор. Но, потребен е системски пристап, стручен кадар, соодветни финансиски средства и континуитет во поддршката, а пред сè, децентрализирање на социјалните услуги", нагласи Павловска.

### Сузбивањето на „сајбер" насилството треба да добие соодветна законска рамка

„За првпат и Собранието на РСМ директно се вклучи во кампањата за сузбивање на родово базираното и семејно насилство, за што имавме јавна расправа. Сметам дека законодавниот дом ќе даде поддршка на соодветни системски законски решенија со кои би се надминале или барем ублажиле ваквите состојби. Собранието ја има усвоено Истанбулската конвенција и позначаен дел е имплементиран преку утврдени законски одредби. Она што недостасува е во делот на онлајн насилството, или

organizatat mund dhe duhet t'i bashkojnë forcat për të ballafaquar me çështjet sociale që nuk i përkasin kësaj kohe dhe as së ardhmes.

### U iniciua përcaktimi i kornizës për miratimin e strategjisë për parandalimin e dhunës dhe mbështetjen e grave-viktima të dhunës në familje

"Parandalimi i këtyre gjendjeve duhet të jetë pjesë kryesore e të gjitha përpjekjeve për tejkalimin e cilësdo dhune, veçanërisht për dhunën ndaj grave dhe vajzave dhe dhunën në familje. Në këtë drejtim, jemi duke punuar në përcaktimin e kornizës për miratimin e strategjisë për parandalimin e dhunës dhe mbështetjen e grave-viktima të dhunës në familje. Në atë proces është e një rëndësie të madhe përfshirja e të gjitha palëve të përfshira, secila nga aspekti i vet të kontribuojë për hartimin e dokumenteve dhe zgjidhjeve ligjore që do të zbatohen dhe respektohen". Këtë e theksoi Zëvendësministri i Politikës Sociale, Demografisë dhe Rinisë (MPSDR), Gjoko Vellkovski, duke shprehur falënderimin e tij që BNJVL-ja i bashkëngjit fushatës së sivjetshme ndërkombëtare - 16 ditë aktivizëm dhe e cila vazhdimisht ofron zgjidhje për tejkalimin e sfidave të shumta, shumica e të cilave kanë të bëjnë me sfidat në sferën sociale.

### Nevojitet decentralizim i mbrojtjes sociale me financim përkatës

Sipas kryetares së Këshillit të Komunës së Kriva Pallankës, Izabella Pavllovska, e cila është edhe anëtare e Grupit lobues për barazi gjinore pranë BNJVL-së, komunat patën mundësi të mëdha për përkrahje të drejtpërdrejtë të banorëve të tyre në të gjitha sferat, sidomos kur bëhet fjalë për gjendje të dhimbshme të dhunës. –"Ne kemi mundësi të bëjmë fushatat për ngritjen e vetëdijes dhe veprimet e drejtpërdrejta për zbulimin dhe parandalimin e gjendjeve të këtilla që në periudhën e moshës shkollore. Denoncimi i dhunës në zonat rurale ende shmanget, ku shprehet respekti ndaj gjinisë mashkullore. Komuna të shumta, duke përfshirë komunën time, japin mbështetje të rëndësishme edhe në parandalim edhe në ndihmën e rasteve të këtilla, dhe posaçërisht bashkëpunojmë me sektorin joqeveritar. Por ne kemi nevojë për qasje sistemore, staf profesional, mjete adekuate financiare dhe vazhdimësi në mbështetje, para të gjithash decentralizimin e shërbimeve sociale", theksoi Pavllovska.

### Çrrënjosja e dhunës "kibernetike" duhet të fitojë kornizën përkatëse ligjore

"Për herë të parë edhe Kuvendi i RMV-së u përfshi drejtpërdrejt në fushatën për çrrënjosjen e dhunës së bazuar gjinore dhe dhunës në familje, për të cilën patëm një diskutim publik. Konsideroj se shtëpia ligjdhënëse do të mbështesë zgjidhjet përkatëse ligjore sistemore me të cilat do të tejkaloheshin ose të paktën zbuteshin gjendjet e këtilla. Kuvendi ka miratuar Konventën e Stambollit dhe një pjesë e saj e konsiderueshme është zbatuar përmes dispozitave të përcaktuara ligjore. Ajo që mungon është në pjesën e dhunës

„сајбер“ насилство, кое зазема сè поголем замав и во нашата земја“. Ова го истакна Лидија Петкоска, член на Собранието на РСМ и претставничка од Комисијата за еднакви можности во Собранието и додаде дека показателите од праксата укажуваат на потребата од преиспитување на законската регулатива, особено во делот на нејзиното имплементирање, но и во делот на казнените одредби.

## Законски основи за локалните власти за превенирање или заштита од насилство врз жени и семејно насилство

Насилството врз жените и девојките е глобален феномен вкоренет во патријархалната култура. Патријархалниот систем на вредности ги одржува социјалните улоги на начин на кој придонесува кон неурамнотежена моќ меѓу мажите и жените, истовремено одржувајќи го насилството врз жените.

Со Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство се уредуваат неколку клучни надлежности на локалната самоуправа во однос на креирање на локални политики и програми за заштита на жените жртви на РБН и СН, во воспоставување центри за згрижување на жртви (засолништа), советувалишта за жртви, советувалишта за сторители и други услуги за превенција од родово базирано насилство и семејно насилство, како и обезбедување финансиски средства за функционирање на услуги за превенција и заштита на жените жртви.

Законот за социјална заштита ги утврдува пак следните социјални услуги што треба да бидат достапни за жртвите на СН и РБН: услуги на информирање и упатување; услуги на стручна помош и поддршка; услуги на советување, услуги во заедницата (услуги на привремен престој); услуги за вонсемејна заштита (згрижување во друго семејство). Законот утврдува дека за да ги обезбедат гореспоменатите услуги, општините можат да основаат установи за социјална заштита или пак да го пренесат вршењето на работи од социјалната заштита на здруженија, други правни и физички лица.

online apo dhunës “kibernetike”, e cila merr hov gjithnjë më të madh edhe në vendin tonë”. Këtë e theksoi Lidija Petkoska, anëtare e Kuvendit të RMV-së dhe përfaqësuese e Komisionit për mundësi të barabarta në Kuvend dhe shtoi se treguesit nga praktika tregojnë nevojën për rishikim të rregullativës ligjore, veçanërisht në pjesën e zbatimit të saj, por edhe në pjesën e dispozitave ndëshkuese.

## Baza ligjore për autoritetet lokale për parandalim ose mbrojtje nga dhuna ndaj grave dhe dhuna në familje

Dhuna ndaj grave dhe vajzave është një fenomen global i rrënjosur në kulturën patriarkale. Sistemi patriarkal i vlerave ruan rolet sociale në mënyrë në të cilën kontribuon për një pushtet të çekuilibruar midis burrave dhe grave, njëkohësisht duke mirëmbajtur dhunën ndaj grave.

Me Ligjin për parandalim dhe mbrojtje nga dhuna ndaj grave dhe dhunës në familje rregullon disa kompetenca kryesore të vetëqeverisjes lokale lidhur me krijimin e politikave dhe programeve lokale për mbrojtjen e grave viktima të dhunës së bazuar gjinore dhe dhunës në familje, në themelimin e qendrave për strehimin e viktimave (strehimore), këshillimore për viktimat, këshillimore për dhunuesit dhe shërbime të tjera për parandalimin e dhunës së bazuar gjinore dhe dhunës në familje, si dhe sigurimin e mjeteve financiare për funksionimin e shërbimeve për parandalimin dhe mbrojtjen e grave viktima.

Ligji për mbrojtjen sociale përcakton shërbimet e mëposhtme sociale që duhet të jenë në dispozicion të viktimave të dhunës në familje dhe dhunës së bazuar gjinore: shërbimet e informimit dhe referimit; shërbimet e ndihmës profesionale dhe mbështetjes; shërbimet e këshillimit, shërbimet në komunitet (shërbimet e qëndrimit të përkohshëm); shërbimet për mbrojtje jashtë familjare (përkujdesje në një familje tjetër). Ligji parashikon që për sigurimin e shërbimeve të lartpërmendura, komunat mund të themelojnë institucione për mbrojtje sociale ose ta transferojnë kryerjen e punës së mbrojtjes sociale tek shoqatat, personat e tjerë juridikë dhe fizikë.








## УПРАВУВАЊЕ СО ВОДИ, КОМУНАЛНА ПОЛИЦИЈА, ОТПАД И ЗАШТИТА НА ВОЗДУХОТ, КАКО ТЕМИ НА ТРИДНЕВНИОТ НАСТАН НА ЗЕЛС ВО ГЕВГЕЛИЈА

исто така, како предизвик за повеќе општини се јавува и обврската за кофинансирањето при аплицирањето во одредени фондови. Мехмети упати апел за обезбедување на поголема вклученост на општините во однос на програмирањето на идните фондови што ќе дојдат со кохезиските програми, од причина што околу 70 % од европската законска регулатива се спроведуваа на локално ниво, а одговорни за создавање на условите и нивно квалитетно спроведување се токму општините“, нагласи Мехмети. Таа посочи дека и покрај огромните предизвици, нашите општини покажуваат успешно менаџирање на повеќе полиња, а особено во унапредувањето на транспарентноста во работењето и примената на електронските услуги за граѓаните. За максимално искористување на придобивките од кохезиската политика на ЕУ, неопходен е дополнителен ангажман за усогласување на законодавството, изработка на национални стратегии и зајакнување на капацитетите на локално ниво.

На конференцијата, свои видувања изнесоа и претставниците од НАЛАС и претставниците од министерствата од Словенија и Хрватска кои се задолжени за европските прашања и кои се вклучени во спроведувањето на Стратегијата на ЕУ за Јадранско-јонскиот Регион (EUSAIR). Програмите за територијална соработка, присутни веќе 15 години, нудат можности за справување со заеднички предизвици и градење капацитети на сите нивоа. Во тој контекст, стратешка улога има  Генералниот директорат за соседство и преговори за проширување на ЕУ. Нашата земја ќе ја преземе претседавачката улога со Стратегијата од втората половина на 2025 година. Од 2 април 2020 година, Република Северна Македонија е 9-ти член на семејството EUSAIR. Со ова приклучување се зајакнува регионалната соработка и политичкиот дијалог на повеќе нивоа за поинтегриран и одржлив Јадранско-јонски макрорегион, како и за понатамошна поддршка на процесот на проширување на Западен Балкан во ЕУ.

shumë komuna paraqitet edhe obligimi për bashkëfinancim kur aplikojnë në fonde të caktuara. Mehmeti apeloi për sigurim të një përfshirjeje më të madhe të komunave në lidhje me programimin e fondeve të ardhshme që do të vijnë me programet e kohezionit, për shkak se rreth 70% e legjislacionit evropian zbatohet në nivel lokal dhe pikërisht komunat janë përgjegjëse për krijimin e kushteve dhe zbatimin cilësor të tyre”, ka theksuar Mehmeti. Ajo theksoi se përkundër sfidave të mëdha, komunat tona tregojnë menaxhim të suksesshëm në më shumë fusha, veçanërisht në avancimin e transparencës në funksionimin dhe aplikimin e shërbimeve elektronike për qytetarët. Për shfrytëzim maksimal të përfitimeve të politikës së kohezionit të BE-së, nevojitet angazhim shtesë për harmonizimin e legjislacionit, përgatitjen e strategjive kombëtare dhe forcimin e kapaciteteve në nivel lokal.

Në konferencë, pikëpamjet e tyre i kanë shprehur edhe përfaqësues nga NALAS-i dhe përfaqësues nga ministritë nga Sllovenia dhe Kroacia që janë përgjegjëse për çështjet evropiane dhe që janë të përfshira në zbatimin e Strategjisë së BE-së për Rajonin Adriatiko-Jonian (EUSAIR). Programet e bashkëpunimit territorial, tashmë të pranishme për 15 vjet, ofrojnë mundësi për t'u ballafaquar me sfidat e përbashkëta dhe për të ndërtuar kapacitete në të gjitha nivelet. Në këtë kontekst, Drejtoria e Përgjithshme për Fqinjësinë dhe Negociatat e Zgjerimit të BE-së ka një rol strategjik. Vendi ynë do të marrë rolin kryesues të Strategjisë nga gjysma e dytë e vitit 2025. Që nga 2 prilli 2020, Republika e Maqedonisë së Veriut është anëtare e 9-të e familjes EUSAIR. Me këtë bashkëngjitje forcohet bashkëpunimi rajonal dhe dialogu politik në më shumë nivele për një makro-rajon Adriatiko-Jonian më të integruar dhe më të qëndrueshëm, si dhe për mbështetjen e mëtejshme të procesit të zgjerimit të Ballkanit Perëndimor në BE.






## ОДРЖАНА СЕДМАТА СЕДНИЦА НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ЗЕЛС

„Денес ќе дискутираме за заложбите на ЗЕЛС на кои ќе се посветиме следната година. Од особена важност е што ни претстои изработка на нов стратегиски план на ЗЕЛС за 2026 – 2030 година, во кој ќе ја преточиме нашата визија за посакуваните реформи во локалната власт и за лобирање за законски одредби што ќе обезбедат вистинска децентрализација на власта, проследена со соодветно финансирање. Треба да се залагаме за стекнување на поголема доверба, како кај граѓаните така и пред централната власт, дека можеме самостојно, економично и квалитетно да управуваме со средствата што ни се префрлаат, но и да обезбедиме нивно зголемување. Веќе добивме две конкретни можности да го докажеме тоа. Едната е актуелниот предизвик за успешната реализација на средствата добиени од Владата за проектите за инфраструктурни зафати. Апелирам да го дадеме максимумот, не само за нивно ефикасно спроведување, туку да се зафатиме и со подготовка на нови, корисни проекти за нашите граѓани, со кои, според најавите, повторно треба да аплицираме некаде на почетокот на следната година. Да ги искористиме овие средства до последен денар и на нашите граѓани да им обезбедиме услови за подобар живот. Вториот предизвик е во областа на надлежностите во образованието, во однос на подготовката на планови за оптимизација на училишната мрежа. Имаме одврзани раце да направиме планови што ќе го содржат најдоброто за учениците, за наставниците, за родителите и истовремено ќе обезбедат заштеда на средства за општината. Тоа ќе биде од голема важност за нас, особено заради воведувањето на новата

## U MBAJT SEANCA E SHTATË E KUVENDIT GJENERAL TË BNJVL-SË

"Sot do të diskutojmë për zotimet e BNJVL-së të cilave do t'u përkushtohemi vitin e ardhshëm. Është me rëndësi të veçantë që na pret përgatitja e Planit të ri strategjik të BNJVL-së për periudhën 2026-2030, në të cilin do ta shndërrojmë vizionin tonë për reformat e dëshiruara në pushtetin lokal dhe për lobim për dispozita ligjore që do të sigurojnë decentralizim të vërtetë të pushtetit, të përcjellë me financim përkatës. Duhet të zotohemi të fitojmë më shumë besim, si te qytetarët ashtu edhe para pushtetit qendror, që të mund të menaxhojmë në mënyrë të pavarur, ekonomike dhe cilësore me mjetet që na transferohen, por edhe të sigurojmë rritjen e tyre. Ne kemi marrë tashmë dy shanse konkrete për ta vërtetuar këtë. Njëra është sfida aktuale për realizimin me sukses të mjeteve të marra nga Qeveria për projektet e aktiviteteve infrastrukturore. Apeloj që të japim maksimumin, jo vetëm për zbatimin efikas të tyre, por edhe të angazhohemi me përgatitjen e projekteve të reja, të dobishme për qytetarët tanë, për të cilat, sipas paralajmërimeve, duhet të aplikojmë sërish diku në fillim të vitit të ardhshëm. T'i shfrytëzojmë këto mjete deri në qindarkën e fundit dhe t'u ofrojmë qytetarëve tanë kushte për një jetë më të mirë. Sfida e dytë është në fushën e kompetencave në arsim, në lidhje me përgatitjen e planeve për optimizimin e rrjetit të shkollave. Ne i kemi duart e lira për të bërë plane që do të përmbajnë më të mirën për nxënësit, për mësuesit, për prindërit dhe në të njëjtën kohë do të sigurojnë kursimin e mjeteve për komunën. Kjo do të ketë një rëndësi të madhe për ne, veçanërisht për shkak të aplikimit të propozim-formulës së re për bllok dotacionet për arsimin

предлог-формула за блок дотациите за основно образование, каде распределбата ќе се врши според утврдена цена на чинење на образованието, по ученик.“

Ова го истакна претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, на седмата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС што се одржа на 12 декември 2024 година, во Скопје. Генералното собрание на ЗЕЛС е највисокото тело во Заедницата и има вкупно 90 делегати, сите градоначалници во земјава и девет члена на Комитетот на советите при ЗЕЛС, тело при ЗЕЛС составено од општински советници. На оваа седница делегатите дискутираа за Буџетот на ЗЕЛС за 2025 година и за Акцискиот план на ЗЕЛС за следната година, каде што активностите се поделени според трите стратегиски цели на Заедницата. Извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, во презентирањето на овие два документа посочи дека првата и најважната цел е успешно лобирање пред централната власт за децентрализација на власта, каде посебни заложби ќе бидат посветени на децентрализација на услугите од социјалната заштита. ЗЕЛС веќе спроведува анализа за состојбите во центрите за социјална заштита и можностите за нивно префрлање на локално ниво. Заложбите на ЗЕЛС се за секоја децентрализирана надлежност да се префрлат и соодветни средства за нејзино успешно спроведување, што, впрочем, е утврдено и во Европската повелба за локална самоуправа. Има повеќе барања во насока на: изработка на нови методологии за распределба на средствата од блок дотациите; решавање на предизвиците со финансирањето на единиците на противпожарната заштита; итна имплементација на новата предлог-формула за распределба на средства за основно образование и друго. Перишиќ нагласи дека и подготовката на новата стратегија на ЗЕЛС 2026-2030 година, повторно ќе оди во оваа насока, но дека за реализирање на целите за работа на органите и телата на ЗЕЛС и за спроведување на домашна и меѓународна

fillor, ku shpërndarja do të bëhet sipas çmimit të përcaktuar të kostos së arsimit, për nxënës".

Këtë e theksoi kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, në seancën e shtatë të Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së, e cila u mbajt më 12 dhjetor 2024, në Shkup. Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së është trupi më i lartë në Bashkësi dhe ka gjithsej 90 delegatë, të gjithë kryetarë komunash në vend dhe nëntë anëtarë të Komitetit të Këshillave pranë BNJVL-së, trup pranë BNJVL-së i përbërë nga këshilltarë komunalë. Në këtë seancë delegatët diskutuan për Buxhetin e BNJVL-së për vitin 2025 dhe Planin aksionar të BNJVL-së për vitin e ardhshëm, ku aktivitetet janë të ndara sipas tri qëllimeve strategjike të Bashkësisë. Drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dusica Perishiq, në prezantimin e këtyre dy dokumenteve theksoi se qëllimi i parë dhe më i rëndësishëm është lobimi i suksesshëm para pushtetit qendror për decentralizimin e pushtetit, ku zotime të veçanta do t'i kushtohen decentralizimit të shërbimeve të mbrojtjes sociale. BNJVL tashmë është duke bërë analizë të gjendjeve në qendrat për mbrojtje sociale dhe mundësitë për kalimin e tyre në nivel lokal. Zotimet e BNJVL-së janë që për secilën kompetencë të decentralizuar të transferohen edhe mjete përkatëse për zbatimin e saj të suksesshme, që në fakt është e përcaktuar edhe në Kartën Evropiane për Vetëqeverisje Lokale. Ka disa kërkesa në drejtim të: hartimit të metodologjive të reja për shpërndarjen e mjeteve nga bllok dotacionet, zgjidhjes së sfidave me financimin e njësive të mbrojtjes nga zjarri, zbatimit të menjëhershëm të propozim-formulës së re për shpërndarjen e mjeteve për arsimin fillor dhe të tjera. Perishiq theksoi se edhe përgatitja e Strategjisë së re të BNJVL-së 2026-2030 përsëri do të shkojë në këtë drejtim, por se për realizimin e qëllimeve për punën e organeve dhe trupave të BNJVL-së dhe për zbatimin e bashkëpunimit vendas dhe ndërkombëtar, mirëmbajtjen e sistemeve elektronike dhe organizimin e trajnimeve për forcimin e kapaciteteve të administratës komunale nevojitet edhe pagesë të rregullt dhe të plotë të anëtarësisë ndaj BNJVL



соработка, одржувањето на електронските системи и организирање на обуки за јакнење на капацитетите на општинската администрација, потребно е и редовно и целосно плаќање на членарината кон ЗЕЛС, што е основен приход на Заедницата.

Во излагањето на претседателот на ЗЕЛС, пред делегатите на Собранието, беше нагласено и лобирањето за донесување закон за општинска комунална полиција, барање што е доставено до Владата заедно со предлог-текст на овој закон. Исто така, во насока на обезбедување нови електронски услуги за граѓаните, приоритет за ЗЕЛС е одржување на постојните, но и обезбедување на електронски систем за наплата на данокот на имот, иницијатива што ја отпочна ЗЕЛС уште пред пет години, а оваа година доби поддршка и од Владата на РСМ. Според Горѓиевски, генералната поддршка на актуелната Влада кон општините, уште на самиот почетокот од нејзиниот мандат, дава сериозна надеж дека во текот на следниот период ќе се обезбеди соодветен дијалог меѓу централната и локалната власт за отпочнување на значајни и потребни реформи во процесот на децентрализација и јакнење на општините во земјата. Тој нагласи дека веќе започна процесот на анализа на Законот за локална самоуправа, што го иницираше ЗЕЛС, во однос на законските промени за преиспитување на одговорноста и утврдување на постапка за смена на градоначалник. Исто така, Ѓорѓиевски ги потенцира и веќе спроведените промени во Законот за градење, со кои се поедностави постапката за градење на земјиштето што е во целосна сопственост на државата или во целосна сопственост на општината, односно се обезбеди да не се наплаќаат комуналии при изградбата на градинки, училишта, катни гаражи и други објекти од јавен интерес. Договорено е и започнување на консултации за пристапување кон изнаоѓање на решенија за измени во Законот за експропријација со цел надминување на состојбите на недовршени градби на булевари, мостови и патишта, токму поради предизвици настанати во делот на експропријацијата на земјиштето. За активностите од областа на урбанизмот, претседателот на ЗЕЛС упати искрена благодарност до градоначалникот на Општина Аеродром, Дејан Митески.

„Секој треба да биде свесен за значењето на ЗЕЛС. Единството во ЗЕЛС е нашето најмоќно средство за напредок на локалната власт", нагласи Ѓорѓиевски и додаде дека тоа подразбира и одговорност за редовно плаќање на членарината кон ЗЕЛС. Секоја општина добива еднакви придобивки од ЗЕЛС и не смее да се дозволи некој редовно да ја исполнува својата обврска, а некој да постапува спротивно. Во таа насока, Управниот одбор донесе предлог-иницијатива за плаќање надоместок за користење на информациските системи со кои управува ЗЕЛС.














Në fjalimin e kryetarit të BNJVL-së para delegatëve të Kuvendit, u theksua edhe lobimi për miratimin e Ligjit për policinë komunale, kërkesë që i është dorëzuar Qeverisë së bashku me propozim-tekstin e ligjit. Gjithashtu, në drejtim të sigurimit të shërbimeve të reja elektronike për qytetarët, prioritet për BNJVL-në është mirëmbajtja e atyre ekzistuese, por edhe sigurimi i një sistemi elektronik për arkëtimin e mjeteve të tatimit në pronë, iniciativë të cilën e filloi BNJVL-ja që pesë vite më parë, ndërsa këtë vit ka marrë mbështetje edhe nga Qeveria e RMV-së. Sipas Gjorgjievskit, mbështetja e përgjithshme e Qeverisë aktuale ndaj komunave që në vetë fillimin e mandatit të saj, jep shpresë serioze se gjatë periudhës së ardhshme do të sigurohet një dialog përkatës ndërmjet pushtetit qendror dhe atij lokal për fillimin e reformave të rëndësishme dhe të nevojshme në procesin e decentralizimit dhe forcimit të komunave në vend. Ai theksoi se tashmë ka filluar procesi i analizës së Ligjit për vetëqeverisje lokale në lidhje me ndryshimet ligjore për rishqyrtimin e përgjegjësisë dhe përcaktimin e procedurës për zëvendësimin e kryetarit të komunës, të cilin e ka iniciuar BNJVL-ja. Gjithashtu, Gjorgjievski theksoi edhe ndryshimet tashmë të zbatuara në Ligjin për ndërtim, me të cilat është thjeshtuar procedura për ndërtim në tokë që është në pronësi të plotë të shtetit ose në pronësi të plotë të komunës, gjegjësisht u sigurua që komunat të mos arkëtojnë mjete për taksa komunale për ndërtimin e kopshteve të fëmijëve, shkollave, garazheve me kate dhe objekteve të tjera me interes publik. Gjithashtu është rënë dakord që të nisin konsultimet për gjetjen e zgjidhjeve për ndryshimet në Ligjin e shpronësimit për të tejkaluar gjendjet e ndërtimeve të papërfunduara të bulevardeve, urave dhe rrugëve, pikërisht për shkak të sfidave që dalin në fushën e shpronësimit të tokës. Për aktivitetet në fushën e urbanizmit, kryetari i BNJVL-së i shprehu mirënjohje të sinqertë kryetarit të Komunës së Aerodromit, Dejan Miteski.

“Çdokush duhet të jetë i vetëdijshëm për rëndësinë e BNJVL-së. Uniteti në BNJVL është mjeti ynë më i fuqishëm për përparimin e pushtetit lokal”, theksoi Gjorgjievski dhe shtoi se kjo nënkupton edhe përgjegjësinë për pagesë të rregullt të anëtarësisë ndaj BNJVL-së. Çdo komunë merr beneficione të barabarta nga BNJVL-ja dhe nuk guxon të lejohet që dikush rregullisht ta kryejë obligimin e vet, e dikush të veprojë në mënyrë të kundërt. Në këtë drejtim, Bordi drejtues miratoi propozim-iniciativën për pagesën e kompensimit për shfrytëzimin e sistemeve të informacioneve me të cilat administron BNJVL.

## Прифатена иницијативата за плаќање надоместок за одржување на информациските системи со кои управува ЗЕЛС

Управниот одбор на последната, 23. седница, донесе предлог единиците на локалната самоуправа, основачи и членови на ЗЕЛС, да плаќаат надоместок за користење на информациските системи со кои управува ЗЕЛС, заради нивно тековно одржување, надградување, нивна стабилност, безбедност и чување на податоците во електронски облик. Висината на надоместокот изнесува 20 денари, по број на жители, утврден на последниот попис на населението и се плаќа еднаш во годината врз основа на издадена фактура (со пресметан ДДВ) во март, во тековната година.

Општината што ја платила годишната членарина кон ЗЕЛС и нема заостанат долг за претходните години, годишниот надоместок за користење на информациските системи ќе го плати намален за 50 % од утврдената сума, според бројот на жители на општината. Овој надоместок не може да се плаќа на рати, ниту со склучување на посебен договор или спогодба.

Доколку општината не го плати надоместокот за користење на информациските системи, ќе има делумно ограничен пристап во системот „е-градежно земјиште" на начин што нема да може да врши објави и да спроведува постапки за отуѓување на градежно земјиште, по пат на електронско јавно наддавање, сопственост на Републиката. При вакви околности, на истиот систем, општината ќе може непречено и без никакви ограничувања да ги спроведува останатите постапки утврдени со Законот за градежно земјиште. ЗЕЛС нема да го ограничи пристапот на ниту едно правно или физичко лице кое има статус на барател, согласно со закон, по која било основа.

## Избрани нови членови на Комитетот на советите при ЗЕЛС

На седницата беше разгледана и одлуката за избор на нови членови во Комитетот на совети при ЗЕЛС. Четворица претседатели на советите од општините: Велес,

## Pranohet iniciativa për pagesën e kompensimit për mirëmbajtjen e sistemeve të informacioneve me të cilat administron BNJVL

Bordi drejtues në seancën e fundit të 23-të miratoi propozimin që njësitë e vetëqeverisjes lokale, themelues dhe anëtarë të BNJVL-së, të paguajnë kompensim për shfrytëzimin e sistemeve të informacioneve me të cilat administron BNJVL, me qëllim të mirëmbajtjes së vazhdueshme, avancimit, stabilitetit, sigurisë së tyre dhe ruajtjes së të dhënave në formë elektronike. Shuma e kompensimit është 20 denarë, sipas numrit të banorëve të konstatuar në regjistrimin e fundit të popullsisë dhe paguhet një herë në vit në bazë të faturës së lëshuar (me TVSH të llogaritur) në muajin mars të vitit aktual.

Komuna e cila ka paguar anëtarësinë vjetore ndaj BNJVL-së dhe nuk ka borxh të papaguar për vitet paraprake, do ta paguajë kompensimin vjetor për shfrytëzimin e sistemeve të informacioneve të reduktuar për 50% nga shuma e përcaktuar sipas numrit të banorëve të komunës. Ky kompensim nuk mund të paguhet me këste, as me lidhje të një kontrate apo marrëveshjeje të veçantë.

Nëse komuna nuk paguan kompensimin për përdorimin e sistemeve të informacioneve do të ketë qasje të kufizuar pjesërisht në sistemin "e-tokë ndërtimore" në mënyrë që nuk do të mund të bëjë publikime dhe të kryejë procedura për tjetërsim të tokës ndërtimore me anë të ankandit publik elektronik, pronë e Republikës. Në rrethana të këtilla, në të njëjtin sistem, komuna do të mund t'i kryejë në mënyrë të pandërprerë dhe pa kufizime procedurat e tjera të përcaktuara me Ligjin për tokë ndërtimore. BNJVL nuk do të kufizojë qasjen e asnjë personi juridik apo fizik që ka statusin e kërkuesit, sipas ligjit, në cilëndo bazë.

## U zgjodhën anëtarë të rinj të Komitetit të këshillave pranë BNJVL-së

Në seancë u shqyrtua edhe vendimi për zgjedhjen e anëtarëve të rinj të Komitetit të këshillave pranë BNJVL-së. Katër kryetarët e këshillave nga komunat: Veles, Kisella Vodë,





Кисела Вода, Охрид и Тетово, по парламентарните избори заминаа на нови функции во централната и законодавната власт. Беше предложено нови членови на Комитетот на советите на ЗЕЛС да бидат лицата што се сега на истите позиции, односно претседатели на советите на овие општини. Од Општина Велес – Даниел Јаневски; од Општина Охрид – Перчо Божиновски; од Општина Кисела Вода - Светлана Колариќ и од Општина Тетово – Наим Исмаили .

### Изнесени низа актуелни предизвици на општините

Под точката Разно, меѓу изнесените актуелни предизвици на локалната власт, говореше претседателот на Советот на Град Скопје и претседател на Комитетот на советите при ЗЕЛС, Трајко Славески. Тој нагласи дека во рамките на иницијативата, отпочната од ЗЕЛС, за измени во Законот на локалната самоуправа, треба да се учествува и со иницијативи кои се однесуваат и на работата на општинските совети: дефинирање на бројни постапки каде е неопходна соработка на градоначалникот и Советот; обезбедување на посебна администрација која ќе биде посветена исклучиво на Советот и слично. Во таа насока, освен за иницијативите за утврдување на можност за отповикување на мандатот на градоначалник, да се размисли, по примерот на повеќе држави, изборот на градоначалник да се врши од страна на Советот. Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, Александар Стојкоски, пак, посочи на предизвиците што ги имаа десетте општини со Град Скопје, особено околу преземањето крупни капитални инвестиции и целосно искористување на средствата од Владата за инфраструктурни зафати. Во таа насока беше договорено следната недела градоначалниците од скопските општини да одржат заедничка средба на која ќе биде повикана и градоначалничката на главниот град, со цел надминување на овие предизвици. На крајот од седницата, претседателот на ЗЕЛС на делегатите им посака успешна 2025 година.

Ohër dhe Tetovë, pas zgjedhjeve parlamentare u larguan në pozita të reja në pushtetin qendror dhe legjislativ. U propozua që anëtarë të rinj të Komitetit të këshillave të BNJVL-së të jenë personat që janë tani në të njëjtat pozita, përkatësisht kryetarë të këshillave të këtyre komunave. Nga Komuna e Velesit - Daniel Janevski; nga Komuna e Ohrit - Perço Bozhinovski; nga Komuna Kisella Vodë - Svetlana Kollariq dhe nga Komuna e Tetovës - Naim Ismaili.

### U diskutuan një sërë sfidash aktuale të komunave

Nën pikën Të ndryshme, Trajko Sllaveski, kryetar i Këshillit të Qytetit të Shkupit dhe kryetar i Komitetit të këshillave pranë BNJVL-së, foli për sfidat aktuale të pushtetit lokal. Ai theksoi se në kuadër të iniciativës së filluar nga BNJVL për ndryshime në Ligjin për vetëqeverisje lokale, duhet të merret pjesë edhe me iniciativa që kanë të bëjnë me punën e këshillave komunale, përcaktimin e procedurave të shumta ku është i nevojshëm bashkëpunimi i kryetarit dhe këshillit, sigurimin e një administrate të veçantë që do t'i kushtohet ekskluzivisht këshillit dhe të ngjashme. Në atë drejtim, përveç iniciativave për përcaktimin e mundësisë së revokimit të mandatit të kryetarit të komunës, duhet të konsiderohet, sipas shembullit të disa shteteve, që zgjedhja e kryetarit të bëhet nga Këshilli.

Kryetari i Komunës së Gjorçe Petrovit, Aleksandar Stojkoski, theksoi sfidat që i kanë dhjetë komunat me qytetin e Shkupit, veçanërisht në fushën e ndërmarrjes së investimeve të mëdha kapitale dhe shfrytëzimit të plotë të mjeteve të Qeverisë për intervenime infrastrukturore. Në këtë drejtim është rënë dakord që javën e ardhshme kryetarët e komunave në kuadër të Shkupit të mbajnë një mbledhje të përbashkët në të cilën do të thirret edhe kryetarja e Qytetit të Shkupit me qëllim të tejkalimit të këtyre sfidave. Në fund të seancës, presidenti i BNJVL-së u uroi delegatëve një vit të suksesshëm 2025.







## СО НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО ОД ДОМАЌИНСТВАТА, ИНДУСТРИЈАТА И ТРАНСПОРТОТ - ДО ПОЧИСТ ВОЗДУХ

Планската програма за почист воздух 2026 – 2030, на Владата, беше предмет на дискусија на координативната средба организирана од Изет Меџити, министер за животна средина и просторно планирање и вицепремиер во Владата. На координативниот состанок, ЗЕЛС беше претставена од: Орце Ѓоргиевски, претседател на ЗЕЛС и градоначалник на Општина Кисела Вода, Висар Ганиу, потпретседател на ЗЕЛС и градоначалник на Општина Чаир, и Душица Перишиќ, извршна директорка на ЗЕЛС.

Претставениот програмски пакет содржи цели за намалување на емисиите на честички од домашните ложишта, од јавните објекти и од индустриските процеси, намалување на палењето недозволиви материјали, зеленило и шуми и намалување на емисии од транспорт. Опфатени се главните области што влијаат на загадувањето на воздухот: енергетиката, индустријата, транспортот и земјоделството. Одговорни за реализација на проектите ќе бидат институциите и на централно и на локално ниво.

Општините имаат улога во сите области. За намалување на емисијата на честички од домашни ложишта (енергетика), предвидено е преку воведувањето комунална полиција да се опфати и надлежноста за превенција и контрола над палењето недозволени материи во домаќинствата и над палењето или горењето штетни материи на отворено. Душица Перишиќ, извршната директорка, информираше дека ЗЕЛС има подготвено текст на Законот за оџачарска дејност и е во насока на намалување на високите концентрации на PM10

## ME REDUKTIM TË NDOTJES NGA AMVISËRITË, INDUSTRIA DHE TRANSPORTIT – DERI TE AJRI MË I PASTËR

Programi planifikues i Qeverisë për ajër më të pastër 2026-2030 ishte temë e diskutimit në takimin koordinues të organizuar nga Izet Maxhiti, Ministër i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor dhe Zëvendëskryeministër i Qeverisë. Në takimin koordinues, BNJVL-në e prezantuan Orce Gjorgievski, kryetar i BNJVL-së dhe kryetar i Komunës Kisella Vodë, Visar Ganiu, nënkryetar i BNJVL-së dhe kryetar i Komunës së Çairit dhe Dushica Perishiq, drejtoreshë ekzekutive e BNJVL-së.

Paketa e prezantuar programore përmban qëllime për reduktimin e emetimeve të grimcave nga vatrat shtëpiake, nga objektet publike dhe nga proceset industriale, reduktimi i djegies së materialeve të palejuara, gjelbërimit dhe pyjeve dhe reduktimi i emetimeve nga transporti. Janë përfshirë fushat kryesore që ndikojnë në ndotjen e ajrit: energjetika, industria, transporti dhe bujqësia. Për realizimin e projekteve do të jenë përgjegjëse institucionet në nivel qendror dhe lokal.

Komunat kanë një rol në të gjitha fushat. Për reduktimin e emetimit të grimcave nga vatrat shtëpiake (energjetikë) është paraparë që nëpërmjet aplikimit të policisë komunale të përfshihet edhe kompetenca për parandalimin dhe kontrollin e djegies së lëndëve të palejuara në amvisëri dhe djegies së substancave të dëmshme në hapësirë të hapur. Dusica Perishiq, drejtoresha ekzekutive, informon se BNJVL-ja ka përgatitur tekstin e Ligjit për veprimtarinë e pastruesve të oxhaqeve dhe është në drejtim të reduktimit të përqendrimeve të larta të grimcave $PM_{10}$ dhe $PM_{2.5}$, të cilat në periudhën e

и PM2.5 честичките, што во зимскиот период се во големи концентрации токму поради начинот на греење на индивидуалните домаќинства. Предлог-законот обезбедува: контрола на емисиите од домаќинствата, подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух, формирање нови образовни паралелки, отворање нови работни места, развој на занаетчиство, исполнување на законски обврски за спроведување на мерки согласно со Акцискиот план донесен од Владата, целосна контрола од локалните власти и финансиски придобивки за локалната самоуправа.

Владината планска програма предвидува објектите на општините што користат мазут или цврсти горива за загревање или технолошки потреби да се заменат со чисти технологии на загревање. Во урбаните средини да се ограничи употребата на системите кои загадуваат, и тоа уште во фазата на планирање и проектирање или реконструкција на објектите, со тоа што урбанистичките планови по градски четврти треба да определат и дозволени системи за греење на објектите кои се предвидени во планот. Во одредени градски четврти, објектите ќе бидат ограничени да користат греење без емисија (централно, топлински пумпи и сл.). Со ширење на достапноста на централното греење, гасоводната мрежа и на електричната енергија, ќе се регулираат можностите за новоизградените или реконструирани објекти.

Во Законот за индустриски емисии детално ќе се уреди и употребата на цврсти горива во индустријата, емисијата на цврсти честички, мерење на емисијата, што ги опфаќа и Б-еколошките дозволи под надлежност на општините. Ова се надополнува и со зајакнување на работните процеси во инспекцијата, односно интеграција на работата на инспекторатите за животна средина на национално и локално ниво.

Дел од предвидените мерки се: забрзување на реализацијата на организациската поставеност на регионалните центри за управување со отпад, затворање на локалните депонии, управување со отпадот во центри за секундарна селекција, искористување на енергијата и материјалите од отпадот и соодветно депонирање.

dimrit janë në përqendrime të larta pikërisht për shkak të mënyrës së ngrohjes së amvisërive individuale. Projektligji siguron: kontrollin e emetimeve nga amvisëritë, përmirësimin e cilësisë së ajrit të ambientit, formimin e klasave të reja arsimore, hapjen e vendeve të reja të punës, zhvillimin e artizanatit, përmbushjen e detyrimeve ligjore për zbatimin e masave në përputhje me Planin aksionar të miratuar nga Qeveria, kontrollin e plotë nga ana e autoriteteve lokale dhe përfitime financiare për vetëqeverisjen lokale.

Programi planifikues qeveritar parashikon që objektet e komunave që përdorin mazut ose lëndë të ngurta djegëse për ngrohje ose nevoja teknologjike të zëvendësohen me teknologji të pastra të ngrohjes. Në mjediset urbane të kufizohet përdorimi i sistemeve që ndotin që në fazën e planifikimit dhe projektimit apo rikonstruksionit të objekteve, me atë që planet urbanistike nëpër vendbanime të qytetit duhet të përcaktojnë edhe sistemet e lejuara të ngrohjes së objekteve që janë të parapara në plan. Në vendbanime të caktuara të qytetit, objektet do të kufizohen në përdorimin e ngrohjes pa emetim (ngrohje qendrore, pompa ngrohëse, etj.). Me zgjerimin e disponueshmërisë së ngrohjes qendrore, rrjetit të gazit dhe energjisë elektrike, do të rregullohen mundësitë për objekte të ndërtuara të reja ose të rindërtuara.

Në Ligjin për emetimet industriale do të rregullohet në mënyrë të detajuar edhe përdorimin e lëndëve të ngurta djegëse në industri, emetimin e grimcave të ngurta, matjen e emetimit, që i përfshin lejet B-ekologjike nën juridiksionin e komunave. Kjo plotësohet edhe me forcimin e proceseve të punës në inspektim, gjegjësisht integrimin e punës së inspektorateve të mjedisit jetësor në nivel kombëtar dhe lokal.

Një pjesë e masave të parapara janë: përshpejtimi i zbatimit të strukturës organizative të qendrave rajonale për menaxhimin e mbeturinave, mbyllja e deponive lokale, menaxhimi i mbeturinave në qendrat për selektimin sekondar, shfrytëzimi i energjisë dhe materialeve nga mbeturinat dhe deponimi përkatës.





Во однос на транспортот се предвидува јавниот возен парк (централно и локално, како и јавниот превоз), да се насочува кон возила без емисија на цврсти честички, а за такси-превозот ќе отпочне програма за субвенционирање на набавка на електрични и на такси-возила на гас.

За контрола и управување со емисиите при алармантни состојби во одредени региони, централната и локалните власти може да постапуваат со ургентни, краткотрајни, интервентни мерки, како што се: забрани за користење на одреден вид горива, забрани и прекини на работа, контрола на сообраќајот, пренасочување, реорганизација на работно време, годишни распореди на работа.

За домаќинствата, Владата во следниот пет до осумгодишен период планира да го спроведе и проектот за греење без емисии со изградба на когенеративни гасни централи, натаму топлински пумпи и високоефикасни котли.

На состанокот присуствуваа и првите луѓе на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерството за локална самоуправа; заменик-министерката за транспорт и врски; заменик-министерката за животна средина; од Државниот инспекторат за животна средина и од Национални шуми.

Lidhur me transportin parashikohet që automjetet transportuese publike (qendrore dhe lokale, si dhe transporti publik) të kalojë në automjete pa emetim të grimcave të ngurta, ndërsa për transportin taksi do të fillojë një program për subvencionimin e blerjes së automjeteve taksi elektrike dhe me gaz.

Për të kontrolluar dhe menaxhuar emetimet gjatë situatave alarmante në rajone të caktuara, autoritetet qendrore dhe lokale mund të veprojnë me masa urgjente, afatshkurtra intervenimi, siç janë: ndalimi i përdorimit të llojeve të caktuara të karburanteve, ndalimet dhe ndërprerjet e punës, kontrolli i trafikut, ridrejtimi i trafikut, riorganizimi i orarit të punës, oraret vjetore të punës.

Për amvisëritë, Qeveria në periudhën e ardhshme pesë deri në tetë vjeçare planifikon të zbatojë edhe projektin e ngrohjes pa emetim me ndërtimin e centraleve të gazit të kogjenerimit, pompave të nxehtësisë dhe kaldajave me efikasitet të lartë.

Në takim morën pjesë edhe krerët e Ministrisë së Energjetikës, Minierave dhe Lëndëve të Para Minerale dhe Ministrisë së Vetëqeverisjes Lokale, Zëvendësministrja e Transportit dhe Lidhjeve, Zëvendësministri i Mjedisit Jetësor, të Inspektoratit Shtetëror për Mjedisin Jetësor dhe të ndërmarrjes Pyjet Kombëtare.

## НЕОПХОДНИ РЕФОРМИ ВО ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА, ЗА ГРАДЕЊЕ ЕФИКАСЕН СИСТЕМ ЗА СПАСУВАЊЕ И ЗАШТИТА

„Современите предизвици на системот за заштита и спасување“ беше темата на конференцијата што ја организираше Дирекцијата за заштита и спасување, на 17 декември 2024 година, во Скопје, на која говореше и претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски. Тој ги изнесе ставовите на ЗЕЛС за противпожарната заштита и ја потенцираше важноста од приоритетно третирање на реформи во оваа област за создавање ефикасен и финансиски одржлив систем за заштита и спасување, нагласувајќи дека превенцијата е основен столб за справување со кризните ситуации. На конференцијата учествуваше и претседателката на РСМ, Гордана Силјановска, Давкова; претседателот на Владата на РСМ, Христијан Мицкоски; министерот за локална самоуправа; директорот на Дирекцијата за заштита и спасување; градоначалници; претставници од синдикатот на пожарникари; од доброволните противпожарни друштва; професори, експерти и бројни претставници од тела и органи во државата, одговорни за безбедност, заштита и спасување.

„ЗЕЛС со години апелира за приоритетност на реформите во противпожарната заштита. Само со заедничка посветеност на централната и локалната власт

## REFORMA TË NEVOJSHME NË MBROJTJEN NGA ZJARRI PËR NDËRTIMIN E NJË SISTEMI EFIKAS SHPËTIMI DHE MBROJTJEJE

“Sfidat bashkëkohore të sistemit të mbrojtjes dhe shpëtimit” ishte tema e konferencës së organizuar nga Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim më 17 dhjetor 2024 në Shkup, në të cilën foli edhe kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski. Ai i prezantoi qëndrimet e BNJVL-së për mbrojtjen nga zjarri dhe theksoi rëndësinë e trajtimit prioritar të reformave në këtë fushë për krijimin e një sistemi efikas dhe financiarisht të qëndrueshëm për mbrojtje dhe shpëtim, duke theksuar se parandalimi është shtyllë bazë për ballafaqim me situata krize. Në konferencë morën pjesë edhe kryetarja e RMV-së, Gordana Siljanovska Davkova, kryetari i Qeverisë së RMV-së, Hristijan Mickoski, Ministri i Vetëqeverisjes Lokale, drejtori i Drejtorisë për Mbrojtje dhe Shpëtim, kryetarë komunash, përfaqësues nga sindikata e zjarrfikësve, nga shoqatat e zjarrfikësve vullnetarë, profesorë, ekspertë dhe përfaqësues të shumtë të organeve dhe autoriteteve në shtet, përgjegjës për sigurinë, mbrojtjen dhe shpëtimin.

“BNJVL me vite të tëra apelon për prioritet të reformave në mbrojtjen nga zjarri. Vetëm me përkushtimin e përbashkët të pushtetit qendror dhe atij lokal mund të ndërtojmë një sistem efikas që do të mbrojë qytetarët tanë. Mjetet që janë

можеме да изградиме ефикасен систем кој ќе ги заштити нашите граѓани. Средствата што досега се одвојуваа за противпожарната заштита не се доволни за соодветно извршување на задачите и се коси со Европската повелба за локална самоуправа, според која за секоја префрлена надлежност, треба да се префрлат и соодветни средства за извршување. Анализата на ЗЕЛС потврди дека централната власт годишно за оваа цел обезбедува 4,5 милиони евра, но општините дополнително одвојуваат 4,1 милиони евра од сопствениот буџет. По секое пензионирање на пожарникар, на општината ѝ се намалуваат средствата за тоа лице и не добива средства за ново вработување. Тажна е и сликата и кога гледаме противпожарни возила од 30, па и 50 години и пожарникари без  соодветна опрема на себе." Ова го истакна во своето обраќање претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, при што нагласи дека сепак е добро што единиците на локалната самоуправа се утврдени како значаен дел од целиот синџир на одговорни институции во земјава, опфатени во системот на заштита и спасување.

„Во член 22 од Законот за локална самоуправа, во став 10 е утврдена оваа надлежност за општините. Имаме обврска да изработуваме Годишна акциска програма за заштита и спасување, која содржи општи нормативни претпоставки за реализирање на Националната стратегија за заштита и спасување. Формираме Општински штаб за заштита и спасување, што ги координира активностите на јавните претпријатија и установите основани од општината во врска со заштитата и спасувањето и ја следи нивната спремност за активирање во случај на природни непогоди и други несреќи. Исто така, ова тело е во координација со републичките органи за заштита и спасување. Општините вршат и други активности утврдени со закон", нагласи Ѓорѓиевски. Тој изнесе и практични примери на активности на  неговата општина, Кисела Вода, за подобрување на локалната заштита и спасување. На крајот од обраќањето, Ѓорѓиевски апелираше за уште поголема соработка меѓу локалната и централната власт за решавање на системските проблеми, изразувајќи  оптимизам кој се темели на сè поголемата посветеност на локалната власт од страна на актуелната Влада.

ndarë për mbrojtjen nga zjarri deri më tani nuk janë të mjaftueshme për kryerjen adekuate të detyrave dhe janë në kundërshtim me Kartën Evropiane për Vetëqeverisjen Lokale, sipas së cilës për çdo kompetencë të transferuar duhet të sigurohen edhe mjete adekuate për ekzekutim. Analiza e BNJVL-së konfirmoi se pushteti qendror jep 4,5 milionë Euro në vit për këtë qëllim, por komunat nga buxheti i tyre ndajnë 4,1 milionë Euro. Pas çdo pensionimi të një zjarrfikësi, komunës për atë person i zvogëlohen mjetet dhe nuk merr mjete për punësim të ri. Është trishtuese edhe fotografia kur shohim makina zjarrfikëse të vjetra për 30 apo 50 vjet dhe zjarrfikës pa pajisje të duhura". Këtë e theksoi kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski në fjalimin e tij, duke theksuar se është mirë që është konstatuar se njësitë e vetëqeverisjes lokale janë pjesë e rëndësishme e të gjithë zinxhirit të institucioneve përgjegjëse në vend, të përfshira në sistemin e mbrojtjes dhe shpëtimit.

"Në nenin 22 të Ligjit për vetëqeverisje lokale, në paragrafin 10 është përcaktuar kjo kompetencë për komunat. Kemi obligim të hartojmë një Program vjetor aksionar për mbrojtje dhe shpëtim, i cili përmban supozime të përgjithshme normative për zbatimin e Strategjisë kombëtare për mbrojtje dhe shpëtim. Jemi duke formuar Shtabin komunal për mbrojtje dhe shpëtim, i cili koordinon aktivitetet e ndërmarrjeve publike dhe institucioneve të themeluara nga komuna në lidhje me mbrojtjen dhe shpëtimin dhe monitoron gatishmërinë e tyre për aktivizim në rast të fatkeqësive natyrore dhe aksidenteve të tjera. Gjithashtu, ky trup është në koordinim me autoritetet republikane për mbrojtje dhe shpëtim. Komunat kryejnë edhe aktivitete tjera të përcaktuara me ligj", theksoi Gjorgjievski. Ai prezantoi edhe shembuj praktikë të aktiviteteve të komunës së tij, Kisella Vodë, për përmirësimin e mbrojtjes dhe shpëtimit lokal. Në fund të fjalimit, Gjorgjievski apeloi për bashkëpunim edhe më të madh ndërmjet pushtetit lokal dhe atij qendror për zgjidhjen e problemeve sistemore, duke shprehur optimizëm që bazohet në përkushtimin gjithnjë e më të madh të Qeverisë aktuale ndaj pushtetit lokal.








ЗЕЛС
BNJVL
ZELS

СРЕЌНА НОВА ГОДИНА
И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ

GËZUAR VITIN E RI
DHE FESTAT E KRISHLINDJEVE

HAPPY NEW YEAR
AND MERRY CHRISTMAS



ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**
тел. +389 (0) 2 30 99 033
ул. „Копенхагенска“ бр. 5, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033
rr. Kopenhagenska nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk